З А П И С Н И К бр. 6

Од шестата седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 4 октомври 2024 година, во Канцеларијата за млади, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа: Ангела Шаренкова од „Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје, Зоран Кундурџиев, и Петја Спасовска од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија и Благоја Панов од РЦОР- Гевгелија.

За работа на седницата, беше предвиден следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д:**

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од петтата седница на Локалното собрание на млади;
3. Предлог-текст на Јавен повик за избор на членови во Локално собрание на млади;
4. Формирање Верификациона комисија за спроведување на Јавниот повик за избор на членови во Локално собрание на млади;
5. Разно.

Поради немање кворум за работа (3 присутни делегати од вкупно 9), претседавачот на ЛСМ на Општина Гевгелија, Ангела Шаренкова, ја распушти седницата. И, покрај навременото доставување на поканата со потребните материјали за одржување на седницата, ниту еден од отсутните не најави отсуство.

Од тие причини, претседателката на Собранието и службеникот за млади во Општина Гевгелија констатираа дека Јавниот повик за избор на членови во Локалното собрание на млади ќе го распише Општина Гевгелија преку службеникот за млади и ќе го објави на 7 октомври 2024 година, за навремено спроведување на процесот и поради истекот на мандатите на членовите на Собранието. А, по формирањето, новиот состав на Собранието ќе изврши измена и дополнување на Деловникот за работа, со коишто ќе се предвиде член за надминување и решавање на ваквиот проблем.

бр. 19-____/1
____.2024 г.
Гевгелија

записничар,
**Петар Јанчев с.р.**

претседавач
**Ангела Шаренкова с.р.**